Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 44/0306
23.03 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09 март 2023 година, врз основа на примена жалба од Ирина Тошева, го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

**Текстот со наслов „*Трагедија: Филип почина откако се фрли од зграда во Скопје, пријателите се простуваат од него*“, објавен на порталот Пулс24.мк на 14 февруари 2023 година, отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во членовите 1, 7 и 8 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 16 февруари 2023 година, Ирина Тошева поднесе жалба за текстот со наслов „*Трагедија: Филип почина откако се фрли од зграда во Скопје, пријателите се простуваат од него*“, објавен на порталот Пулс24.мк на 14 февруари 2023 година.

Во жалбата се наведува дека во спорната содржина има елементи на прекршување по основ на сензационализам при известувања пласирани во јавноста на сензитивни теми за трагедии.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, упати допис до редакцијата на порталот Пулс24.мк со кој ѝ даде можност да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Редакцијата на порталот не испрати одговор до Комисијата за жалби.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно оцени дека во текстот се прекршени членовите 1, 7 и 8 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„... Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 7:*** *„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.“*

***Член 8: „****Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми...“*

Во расправата што ја водеше за оваа жалба, Комисијата констатираше прекршување на сите три членови од Кодексот на новинарите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 09 март 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителката и извршија увид во спорниот текст.

Во поглед на прекршувањето на член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, Комисијата констатираше дека во насловот на објавениот текст медиумот објавил непроверени информации за начинот на кој се случила трагедијата. Имено, насловот е напишан сензационалистички, при што е особено проблематично што со изразот “се фрли од зграда“ медиумот алудира на тоа дека жртвата на несреќата самата си го одзела животот, иако во моментот кога е објавен текстот тоа не можело да се знае, ниту пак официјален извор ја потврдил таа информација.

Во поглед на прекршувањето на членовите 7 и 8 од Кодексот, Комисијата утврди дека е повредена приватноста на жртвата со тоа што е објавено неговото име, а притоа не се водело сметка и дека тоа може дополнително да ги вознемири и ражалости членовите на неговото семејство. Комисијата потсетува дека темите кои се однесуваат на лични трагедии треба да бидат внимателно обработувани, односно при известувањето за ваков вид несреќи не треба да се објавуваат имиња и фотографии на жртвите, ниту податоци од кои индиректно би можел да се открие идентитетот на жртвата, пред тоа официјално да го соопштат надлежните институции (член 7.1. од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите). Дополнително, Комисијата потсетува при известувањето за несреќи, особено за ваков вид лични трагедии, медиумите треба да бидат исклучително внимателни и да избегнуваат објавување сензационалистички наслови и непроверени информации, да изнесуваат што помалку детали за начинот на кој се случила трагедијата, водејќи сметка да не влијаат негативно врз други лица или пак да создадат дополнително вознемирување во јавноста (член 8.1 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите).

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре образложено.

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Мирче Адамчевски — Претседател на Комисијата за жалби

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595